**ИЗРАБОТУВА:**
**ЈП КОМУНАЛЕЦ БИТОЛА**

**РАЗГЛЕДУВА:**
**НАДЗОРЕН И УПРАВЕН ОДБОР**

**УСВОЈУВА:**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП КОМУНАЛЕЦ БИТОЛА ЗА 2025 ГОДИНА



**БИТОЛА, МАРТ 2026 ГОДИНА**

**ПРАВЕН СТАТУС И ДЕЈНОСТ**

Секоја постоечка организација, институција, компанија основана од човекот се базира на човечки ресурси, на состав на луѓе со разновидни функции и делувања. Секој од нив е движечки фактор за работата и токму таа поврзаност и меѓузависност е можна само во случај кога секој составен дел од неа прецизно и продуктивно ја извршува својата задача, односно целта за која е поставен на одредено место во системот.
Јавното претпријатие Комуналец Битола е основано од Совет на Општина Битола со цел извршување на комунална дејност на територијата на Општина Битола, односно управување со комунален и друг вид на неопасен отпад, уредување и одржување на јавни зелени и јавни прометни површини, управување и одржување на гробишта, одржување и сервисирање на уличното осветлување како и други останати комунални дејности. Предвидените дејности и активности ги врши согласно законската регулатива, плановите и програмите донесени од страна на надлежен локален или државен орган.

Преку систем на управување со изработка на годишни планови и програми за работа, јавното претпријатие овозможува брзо, квалитетно и ефикасно извршување на предвидените задачи.

Во 2025 година Јавното претпријатие своите активности ги врши со просечниот број од 265 вработени распоредени во 7 сектори.

- Сектор за Општи, правни работи и човечки ресурси
- Сектор за Финансии, сметководство и комерција
- Сектор  Комунална хигиена
- Сектор Јавно зеленило
- Сектор Уредување и одржување на гробишта
- Сектор за Технички работи и развој
- Сектор Канцеларија на директор

ЈП Комуналец Битола е дел од проектот RU READY, 24-месечна прекугранична иницијатива која ја промовира циркуларната економија и одржливото управување со отпад.
Проектот се реализира во рамките на INTERREG VI-A ИПА програма “Грција-Северна Македонија 2021-2027” и е кофинансиран од Европска Унија и националните фондови на двете земји со вкупен буџет од 851.754,18 евра.

Во рамките на проектот ЈП Комуналец ќе го воспостави првиот Центар за повторна употреба во Северна Македонија, кој ќе им овозможи граѓаните да можат да донираат материјали и производи наместо да ги фрлаат и истите да завршат на депонија, а од друга страна бесплатно да подигаат и користат материјали и производи кои би им биле потребни.

Со ова, ја правиме Битола првиот град во земјата што воведува ваков современ пристап кон управување со отпад. Проектот директно ги таргетира домаќинствата и граѓаните кои ќе усвојат нови навики за рециклирање и повторна употреба во нивниот секојдневен живот.

Проектот RU READY претставува важен чекор кон позелена иднина, нови работни можности и зголемена еколошка свест. Веруваме дека преку соработка и заеднички напори-институциите, граѓаните и локалните бизниси-можеме да придонесиме за почиста животна средина и поодржлива заедница.
Времетраење на RU READY проектот: 27/08/2025-27/08/2027

**СЕКТОР ЗА ОПШТИ,ПРАВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во овој Сектор е опфатено целокупното општо и правно работење на претпријатието, изготвување на нацртите и предлозите на Статутот и другите подзаконски и општи акти на претпријатието, изготвување на материјалите за пред Управните органи на претпријатието, застапување на претпријатието пред Судовите и

другите органи, функционирањето и усогласувањето на целокупното архивско работење, примената на законската регулатива од областа на јавните набавки.

Во рамките на Секторот за општи,правни работи и човечки ресурси функционира:

- Одделение за општи и правни работи;
- Одделение за јавни набавки.

## СЕКТОРОТ ЗА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

Секторот за Финансии,сметководство и комерција работи според Правилник за сметководство кој ги содржи сите меѓународни сметководствени стандарди и законски регулативи. Ажурно ги доставува сметките до корисниците на сите видови услуги, учествува во изготвување на целокупната документација врзана со сметководственото работење и креирањето на деловната политика на ниво на претпријатието.

Секторот за финансии,сметководство и комерција поделен е на три одделенија:

- Одделение за сметководство и финансова оператива;
- Одделение за наплата;
- Одделение за план и анализа.

Одделенијата вршат обезбедување на законското работење, ажурирање и точно водење на податоците како и организација на прометот на стоки и услуги и обезбедување на наплатата на побарувањата.

ЈП Комуналец тековната 2025 година ја заврши со загуба од 53.028.345 денари.

### ЈП Комуналец располага со следните недвижности, постројки и опрема во 000,00 денари

| | Земјишта | Градежи | Опрема | Алати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Набавна вредност на 01.01.2025 г. | 3.832 | 73.087 | 140.662 | 22.110 | 239.691 |
| Набавна вредност на 31.12.2025 г. | 3.832 | 73.087 | 142.909 | 21.276 | 241.104 |
| Акумулирана амортизација на 31.12.2025г. | | 63.252 | 105.051 | 20.568 | 188.871 |
| **Нето вредност на 31.12.2025** | **3.832** | **9.835** | **37.858** | **708** | **52.233** |

### Парични средства во 000,00 ден.

| опис | 2023 | 2024 | 2025 | Разлика 2024-2023 | Разлика 2025-2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Благајна | 56 | 33 | 51 | -23 | 18 |
| Жиро сметка | 4.672 | 2.183 | 1.621 | -2.489 | -562 |
| Останати парични средства | 103 | 57 | 19 | -46 | -38 |
| Девизна сметка | 1 | 1 | 5 | / | 4 |
| **Вкупно** | **4.832** | **2.274** | **1.696** | **-2.558** | **-578** |

### Побарувања од купувачите и други побарувања во 000,00 ден

| опис | 2023 | 2024 | 2025 | Разлика 2024-2023 | Разлика 2025-2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 110.800 | 110.688 | 111.385 | - 112 | 697 |
| Спорни и сомнителни побарувања | 10.416 | 11.655 | 11.675 | 1.239 | 20 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Побарувања од вработените | 3.941 | 3.625 | 3.325 | -316 | -300 |
| Побарување од државата | 810 | 612 | 159 | -198 | -453 |
| Разни побарувања (аванси) | 85 | 23 | / | -62 | -23 |
| **ВКУПНО** | **126.052** | **126.603** | **126.544** | **551** | **-59** |

**Во ЈП Комуналец состојбата на 31.12.20225 година по основ на побарувања од купувачи е следната:**

| опис на конто | Нето износ 2023 | Нето износ 2024 | Нето износ 2025 | Разлика 2024-2023 | Разлика 2025-2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Купувачи-физички лица | 55.385.745 | 55.232.708 | 51.622.568 | -153.038 | -3.610.140 |
| Купувачи-правни лица | 13.807.312 | 12.895.944 | 17.903.435 | -911.368 | 5.007.491 |
| Останати услуги | 1.183.123 | 1.570.603 | 209.027 | 387.480 | -1.361.576 |
| Купувачи за гробни места | 1.211.323 | 1.060.500 | 1.064.150 | -150.823 | 3.650 |
| Одржување на меѓугробен простор | 36.805.839 | 37.775.896 | 38.578.039 | 970.057 | 802.143 |
| Останати купувачи | 2.406.410 | 2.152.017 | 2.008.288 | -254.393 | -143.729 |
| **ВКУПНО** | **110.799.752** | **110.687.668** | **111.385.507** | **-112.084** | **697.839** |

Од табеларниот преглед  на 31.12.20245 година во 2025 година кај побарувања од одржување на меѓугробен простор имаме зголемување за  802.143,00 денари или 2 **%** зголемување во споредба со претходната година кое произлегува од продажба на  нови гробни места со што е зголемен број на задолженија  за одржување на меѓугробен простор .

Во 2025 год. за ѓубретарина од физички лица наплатени се вкупно **120.121.633** ден. или **84%** во тековната година. Од тие средства **100.820.467** ден. се за тековната 2025 година и **19.301.166** ден. од минати години.

Кај правните лица наплатени се вкупно **40.692.682** ден. со што процентот на наплатеност во тековната година изнесува **73 %.** Од тие средства **33.284.158** ден. за тековната 2025 година и **7.408.524** ден. за минати години.

**Залихи во 000.00 денари**

| опис | Остварено 2023 | Остварено 2024 | Остварено 2025 | Разлика 2024-2023 | Разлика 2025-2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Суровини и др. материјали | 1.642 | 2.143 | 1.913 | 501 | -230 |
| Недовршено производство и полупроизводи | 101 | 136 | 70 | 35 | -66 |
| Готови производи | 508 | 345 | 596 | -163 | 251 |
| Трговски стоки | 446 | 422 | 467 | -24 | 45 |
| **ВКУПНО** | **2.697** | **3.046** | **3.046** | **349** | **0** |

**Обврски во 000,00 денари**

| опис | Остварено 2023 | Остварено 2024 | Остварено 2025 | Разлика 2024-2023 | Разлика 2025-2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Оврски по аванси | 778 | 428 | 508 | -350 | 80 |
| Обврски кон добавувачи | 24.750 | 50.096 | 79.562 | 25.346 | 29.466 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Однапред наплатени приходи | 2.597 | 6.628 | 5.986 | 4.031 | -642 |
| Останати краткорочни обврски | 12.887 | 14.919 | 20.000 | 2.032 | 5.081 |
| Долгорочни обврски | 31.015 | 51.015 | 51.015 | 20.000 | 0 |
| Краткорочни обврски | 7.127 | 10.008 | 24.568 | 2.881 | 14.560 |
| **ВКУПНО** | **79.154** | **133.094** | **181.639** | **53.940** | **48.545** |

Во текот на 2025 год. создадени се обврски кон добавувачите од **85.406.877,00** ден.
Обврските кон добавувачите на 31.12.2025 година изнесува 79.561.716,00 ден.

**Употребени суровини и материјали, услуги и набавна вредност во 000.00 денари**

| опис | Остварено 2023 | Остварено 2024 | Остварено 2025 | Разлика 2024-2023 | Разлика 2025-2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Набавна вредност на продадени стоки | 1.863 | 1.655 | 2.132 | -208 | 477 |
| Потрошен материјал и резервни делови | 20.138 | 27.229 | 21.673 | 6.911 | -5.556 |
| Потрошена енергија | 10.978 | 11.198 | 11.929 | 220 | 731 |
| Услуги за одржување и изработка | 4.201 | 4.666 | 4.799 | 465 | 133 |
| Закупнини | 1.031 | 1.288 | 1.031 | 257 | -257 |
| Амортизација | 9.918 | 9.908 | 9.748 | -10 | -160 |
| Вредносно усогласување и отписи | 441 | 5.503 | 5.314 | 5.062 | -189 |
| Надоместоци за вработените | 8.892 | 10.558 | 12.550 | 1.666 | 1.992 |
| Трошоци за донации и спонзорство | 909 | 857 | 1.638 | -52 | 781 |
| Трошоци за репрезентација и употреба на сопствени производи | 371 | 501 | 377 | 131 | -124 |
| Останати трошоци од работењето | 16.879 | 24.644 | 22.833 | 7.765 | -1.811 |
| Даноци и премии за осигурување | 3.461 | 4.577 | 4.585 | 1.116 | 8 |
| Банкарски услуги | 2.404 | 3.451 | 3.693 | 1.047 | 242 |
| Кусоци, казни, пенали и допол.трош. | 7.251 | 9.987 | 9.686 | 2.736 | -301 |
| Плати и надоместоци | 145.523 | 171.392 | 183.321 | 25.869 | 11.929 |
| Камати, курсни разлики | 720 | 931 | 1.620 | 211 | 689 |
| Други трошоци | 5.904 | 5.968 | 6.782 | 64 | 814 |
| **ВКУПНО** | **240.884** | **294.313** | **303.711** | **53.429** | **9.398** |

Во деловната 2025 год. во ЈП Комуналец направени се вкупно трошоци од **303.710.870** ден. односно трошоците се зголемени за 3% во споредба со претходната година. Зголемување од 7% имаме кај трошоците за плати и надоместоци, намалување за 20% има и кај потрошени материјали и резервни делови .

**Приходи**

| СЕКТОР | Остварено 2023 | Остварено 2024 | Остварено 2025 | Индекс 2024/2023 | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Комунална хигиена | 121.747.386 | 124.671.954 | 127.466.789 | 102 | 102 |
| Јавно зеленило | 65.327.223 | 76.642.736 | 92.046.499 | 117 | 120 |
| Уредување и одржување на гробишта | 19.846.933 | 22.084.990 | 19.406.263 | 111 | 88 |
| Технички работи и развој | 9.821.661 | 11.764.448 | 11.762.974 | 120 | 100 |
| **ВКУПНО** | **216.743.203** | **235.164.128** | **250.682.525** | **108** | **107** |

## Синтетика на приходи по сектори во 2025 година

| назив на конто | Сектор Комунална хигиена | Сектор Јавно зеленило | Сектор Уредување и одржување на гробишта | Сектор Технички работи и развој | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од услуги | 119.132.863 | 81.835.523 | 19.175.776 | 11.762.974 | 231.907.136 |
| Приходи од продажба на материјали | 966.617 | | | | 966.617 |
| Приходи од употреба на сопствени производи | | 144.203 | | | 144.203 |
| Приходи од донации | 1 | 10.000.000 | | | 10.000.000 |
| Приходи од отпис на обврски и вишоци | 41.850 | 25.214 | 1 | | 67.065 |
| Вонредни приходи | 5.326.481 | 41.559 | 230.486 | | 5.598.527 |
| Приходи по други основи | 1.998.977 | | | | 1.998.977 |
| **ВКУПНО** | **127.466.789** | **92.046.499** | **19.406.263** | **11.762.974** | **250.682.525** |

## Приходи по сектори

### Сектор Комунална хигиена

| опис | 2024 | 2025 | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|
| Приходи од услуги – ком.отпад - правни лица | 30.463.467 | 32.878.487 | 108 |
| Приходи од услуги – ком.отпад – физички лица | 79.053.391 | 82.389.947 | 104 |
| Приходи од отпадна хартија | 607.664 | 513.283 | 84 |
| Приходи од отпадна пластика | 70.212 | 62.784 | 89 |
| Други приходи | 35.622 | 50.002 | .140 |
| Приходи од продажба на пластични канти - физички и правни лица | 162.970 | 103.002 | 63 |
| Приходи - влез и третман на неопасен отпад во депонија | 2.579.573 | 3.135.358 | 122 |
| | **112.972.899** | **119.132.863** | **105** |
| Приходи од продажба на материјали | 443.648 | 966.617 | 218 |
| Приходи од донации | 2.878.158 | 1 | 0 |
| Приходи од отпис на обврски (наплата) | 1.127 | 41.850 | 3.713 |
| Вонредни приходи | 6.153.874 | 5.326.481 | 87 |
| Приходи по други основи | 2.222.248 | 1.998.977 | 90 |
| **ВКУПНО** | **124.671.954** | **127.466.789** | **102** |

**Сектор Јавно зеленило**

| опис | 2024 | 2025 | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|
| Приходи од расадник | 101.770 | 244.966 | 241 |
| Приходи од продавница Икебана | 1.458.013 | 1.735.510 | 119 |
| Приходи од јавна чистота | 19.047.618 | 19.047.620 | 100 |
| Приходи за одржување на ЈЗП | 30.000.000 | 47.804.935 | 159 |
| Приходи од одржување на ЈЗП по рекапитулација физички лица | 8.780.250 | 9.025.786 | 103 |
| Приходи од одржување на ЈЗП по рекапитулација правни лица | 3.220.260 | 3.552.720 | 110 |
| Приходи од јавно зеленило | 345.731 | 423.986 | 123 |
| | **62.953.642** | **81.835.523** | **130** |
| Приходи по основ на употреба на сопствени производи | 209.065 | 144.203 | 69 |
| Приходи од отпис на обврски | 22.922 | 25.214 | 110 |
| Приходи од донации и помошти | 13.434.032 | 10.000.000 | 74 |
| Други вонредни приходи | 23.075 | 41.559 | 180 |
| **ВКУПНО** | **76.642.736** | **92.046.499** | **120** |

**Сектор Управување и одржување на гробишта**

| опис | 2024 | 2025 | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|
| Приходи од гробни места | 5.069.604 | 2.422.983 | 48 |
| Солидарен погреб | 7.145.700 | 7.006.160 | 98 |
| Приходи од регистрација на гробни места | 68.218 | 115.674 | 170 |
| Приходи за дозволи за влез во гробишта | 171.110 | 144.694 | 85 |
| Приходи од одржување на меѓугробен простор | 7.322.321 | 7.377.125 | 101 |
| Приходи од капела | 1.698.260 | 1.699.640 | 100 |
| Надоместок за погребување на посмртни останки | 432.000 | 409.500 | 95 |
| | **21.907.213** | **19.175.776** | **88** |
| Вонредни приходи | 177.777 | 230.487 | 130 |
| **ВКУПНО** | **22.084.990** | **19.406.263** | **88** |

**Сектор за технички работи и развој**

| опис | 2024 | 2025 | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|
| Приходи од спортски објекти | 214.700 | 322.347 | 150 |
| Приходи од осветлување | 11.429.247 | 11.440.627 | 100 |
| | **11.643.947** | **11.762.974** | **101** |
| Приходи од отпис на обврски | 120.501 | / | |
| **ВКУПНО** | **11.764.448** | **11.762.974** | **100** |

| опис | 2024 | 2025 |
|---|---|---|
| Акционерска главница | 7.558.767 | 7.558.767 |
| Државен јавен капитал | 64.557.584 | 64.557.584 |
| Јавен капитал од ревалоризирани резерви | 3.510.482 | 3.510.482 |
| Основна главнина-останат капитал | 7.591.620 | 7.591.620 |
| Останат капитал | 52.618.723 | 52.618.723 |
| Законски резерви | 11.005.035 | 11.005.035 |
| Акумулирана добивка | 16.563.202 | 16.563.202 |
| Пренесена загуба од претходни години | -55.550.343 | -114.190.558 |
| Загуба за финансиската година | -59.148.716 | -53.028.345 |
| **ВКУПНО** | **48.706.354** | **-3.813.490** |

## СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

Од анализите направени од страна на ЈП Комуналец Битола, комуналниот отпад е еден од основните текови на отпад што се создаваат. Како посебна категорија на отпад претставува отпадната хартија,отпадна пластика (PET) и отпад од електрична и електронска опрема.

Врз основа на анализите за составот и количините на комуналниот отпад реализирани од страна на ЈП Комуналец Битола на територијата на општина Битола во 2025 година собрани се:

- 30.106,8 тони комунален отпад собран од правни и физички лица;
- 263,01 тони отпадна хартија;
- 24.4 тони отпадна пластика;
- 2,9 тони електричен и електронски отпад;
- 1.800 м$^3$ габаритен отпад.

Од вкупните колични собран отпад околу 29.425 тони е комунален отпад собран од физички лица, додека околу 394 тони/год. е комерцијален и индустриски неопасен отпад.

### Депонијата Мегленци

- Тампонирани 1.500 м$^2$ површина наменети за движење на возилата;
- Искористен 279 м$^3$ тампон ;
- Направен е редовен сервис на градежната машина
- На локацијата за депонирање на градежен шут во депонија Мегленци,за 2025 година депонирани се 1.800 м$^3$ градежен шут и 32.465 м$^3$ земја и камења

ЈП Комуналец, заедно со Општина Битола во соработка со останатите јавни претпријатија учествуваше во акции за расчистување на диви депонии и депонии со градежен шут на територијата на град Битола.

По барање на комунална инспекција или друг надлежен орган, или на барања на граѓани дополнително е извршено чистење на определени локации.

### Набавка на опрема

Согласно годишните планови за набавка на опрема во 2025 година набавени се:

- 80 пластични контејнери со волумен од 1,1 м$^3$;
- 35 метални контејнери од 1,1 м$^3$;

Во 2025 година репарирани се околу 350 контејнери и заменети се околу 190 тркала.

## СЕКТОР ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО

Секторот јавно зеленило својата дејност ја врши врз основа на Планови и програми усвоени од Совет на Општина Битола. Активностите кои се реализираат на терен се: косење на зелени површини во урбан дел, косење зелени површини во рурална средина, косење зелени површини во спортско рекреативни центри, садење на цветни садници и сезонски расад, садење на дрвја, кастрење на дрвја, поправки на комунална опрема и реквизити,како и одржување на јавната чистота на територијата на Општина Битола,односно миење,метење,чистење на снег,празнење на корпи со отпадоци и др.активности.

Во состав на Секторот на јавно зеленило работат три одделенија:

- Одделение за одржување на јавна чистота
- Одделение за хортикултура
- Одделение за расад(расадник) со производство

### Одделение за одржување на јавната чистота во градот

Одделението за одржувањето на јавната чистота во градот, работењето го изведува согласно по Програма за одржување на јавната чистота на територија на Општина Битола за 2025 година, со која се уредуваат условите, обемот, динамиката и начинот на одржување на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови.

Одржувањето на јавната чистота подразбира: машинско и рачно метење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, миење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, поставување на комунална опрема (корпи, клупи, детски реквизити за играње и занимација) и замена на места каде се оштетени старите корпи и поставување на нови каде ќе се јави потреба.

### Одделение за хортикултура

Активностите за 2025 година беа во согласност со Програмата за одржување на јавните зелени површини за 2025 год. и беа насочени кон одржување на постоечките јавни површини , одржување на дрвореди, кроење, кастрење, обликување, сечење, засадување на листопадни и зимзелени дрвја,засадување и одржување на цветен расад, косење на зелените површини, гриблање, наводнување, заштита на растенијата од штеточини, одржување на постоечката комунална и урбана опрема.

Вкупната површина на искосени зелени површини , бројката на засаден расад и дрвја кои беа извршени во изминатата година се прикажани во табела бр.1

Табела бр.1

| | Реализирана активност | $M^2$ | Парче |
|---|---|---|---|
| 1 | Искосени зелени површини во урбанизиран дел | 395.018 | / |
| 2 | Искосени зелени | 191.310 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | површини во рурална средина | | |
| 3 | Искосени зелени површини со спортско – рекреативни центри | 25.965 | / |
| 4 | Кроење на дрвја | / | 1457 |
| 5 | Засаден сезонски расад | / | 130950 |
| 6 | Засадени декоративни садници(дрвја) | / | 331 |
| 7 | Кастрење на дрворед по булеварско зеленило и пристапни патишта | / | 673 |
| 8 | Сечење на суви и оштетени дрвја | / | 145 |
| 9 | Сечење на дрвја по решение | / | 247 |
| 10 | Кастрење на дрвја по решение | / | 43 |
| 11 | Поправка на клупи и дет.реквизити | / | 491 |

Во изминатиот период беа донирани 42 декоративни садници.

Секторот Јавно зеленило во изминатата 2025 година исто така има извршено и дополнителни активности кои не беа внесени во Годишната програма се со цел подобрување на зеленилото во Општина Битола и тоа во повеќе наврати. Дополнителните активности како што се косење,засадување, сечење и кастрење на дрвја, чистење на објекти и сл. се одвиваа на следниве локации:

1. ЦРКВА КУЗМАН И ДАМЈАН
2. КЛИНИЧКА БОЛНИЦА БИТОЛА
3. С.ГОРНО ОРИЗАРИ(покрај канал)
4. ПРИСТАПЕН ПАТ ОД СТРЕЖЕВСКА НАСЕЛБА ДО НАС.УШИЦИ
5. СТАРА ЧАРШИЈА
6. ШИРИНА КАЈ К.Т.ФИЛЏАН
7. ПОВРШИНИ ОКОЛУ ПАРКОТ ВО НОВА БИТОЛА
8. СТАРИ ГРОБИШТА СВ.НЕДЕЛА
9. СРПСКИ ГРОБИШТА
10. ПРИСТАПЕН ПАТ ЦАРИНА
11. ПРИСТАПЕН ПАТ ХЕРАКЛЕА
12. ЦРКВА ВО С.ЛОПАТИЦА
13. СПОРТСКИ АЕРОДОРОМ
14. МВР
15. СТРЕЛАНА-НАС.КАСАРНА
16. М.В.ОБЛАСТА
17. П.ПАТ С.СРПЦИ,РАМНА,ЛЕРА
18. МУЗЕЈ
19. ИНДУСТРИСКА ЗОНА ЖАБЕНИ
20. МАКЕДОНСКА ПОШТА(С.Г.ОРИЗАРИ,НОВА БИТОЛА,КРАВАРИ)
21. ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ВЕЛУШИНА
22. УЛ.ШИРОКА

23. НАС.СТРЧИН
24. МАНАСТИР СВ.АТАНАС СМОЛЕВО И РЕКРЕАТИВЕН ДЕЛ
25. С.ДОЛНО ОРИЗАРИ
26. НАС.БОРИМЕЧКА
27. МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ (ОБЈЕКТ)
28. П.ПАТ ХОТЕЛ МОЛИКА
29. П.ПАТ НИЖОПОЛЕ
30. ОВЧИ ПАЗАР
31. ШИРИНА ЗАД ШКОДА ФЕЛИЦИЈА
32. ПОВРШИНА НАД ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ
33. П.ПАТ ЦРКВА 40-МАЧЕНИЦИ
34. ЗЕЛЕН ПОЈАС НАС.БРУСНИЧКА
35. С.МАЛОВИШТА
36. УЛ.ШИРОКА
37. МАНАСТИР С.КРКЛИНО
38. СВ.АНА НАСЕЛБА БАИР
39. С.ЦАПАРИ
40. УЛ.АСНОМ
41. С.ВЕЛУШИНА П.ПАТ
42. СТАДИОН С.ЛИСОЛАЈ
43. СТОЧЕН ПАЗАР

**Чистење на депонии**

1. Учество во 11(единаесет) акции за чистење на депонии на територијата на Општина Битола заедно со сите јавни претпријатија и приватни фирми во организација на Општина Битола
2. Гаражи кај ОУ Даме Груев
3. Гаражи кај Н.Н.Борче
4. Стари гробишта
5. УЗ Димитар Влахов (м.в.Тепсија)
6. Кружен тек на ул.Прилепска(ветеринарна)
7. Новачки пат(чистење пешачка патека)
8. Во текот на 2025 година исто така Сектор Јавно зеленило секојдневно извршуваше подигнување на габаритен отпад кој беше оставен на јавни површини како и по пријава од граѓани. Количината која беше подигната во 2025 година изнесува околу 2.200м$^3$.

Секторот Јавно зеленило во изминатиот период имаше активности во зголемување на зелените површини како и во двата расадници каде се обавуваа следните активности:

- садење на метли на површина од 8000м2 – засадени 15.000парчина
- во 8 (осумте) пластеници кои се наоѓаат во дворното место на Сектор Јавно зеленило беше произведен и пролетен сезонски расад за потребите на ЈП Комуналец Битола

**ЈАВНА ЧИСТОТА**

Под секторот Јавно зеленило спаѓа и одржувањето на јавната чистота во Општина Битола. Активностите кои се изведуваат под овој сектор се одвиваат секојдневно во две смени. Површините кои што беа одржувани во 2025 година како што се рачно метење на улици, машинско метење на улици, миење на улици, чистење на

снег и собирање на отпадоци и празнење на корпи се дадени во табела бр.4

Табела бр.4

| | АКТИВНОСТ | М² |
|---|---|---|
| 1 | Метење на улици | 612.668 |
| 2 | Машинско метење | 602.152 |
| 3 | Собирање на отпадоции празнење на корпи | 814.121 |
| 4 | Миење на улици | 591.290 |
| 5 | Чистење на снег | 139.248 |

Секторот Јавно зеленило во пролетниот период започна со целосно чистење, метење и миење низ населбите во Општина Битола.
Се со цел подобрување на чистотата во Општина Битола исто така Секторот Јавно зеленило во минатата година активно учествуваше и во други организации за одржување на декоративни и листопадни садници за настани како што се-БИТ ФЕСТ,во ОУ СТИВ НАУМОВ,ОУ ДАМЕ ГРУЕВ,со невладини организации Ротари кај м.в. Авионите и др.Во 2025 има има обновено 99 корпи за отпадоци на следниве зелени површини(објекти)
Стара чаршија,Булевар 1ви Мај,Булевар Васко Карангелевски,Партизанска,Детски парк,Главен парк,Шеталиште,Парк Саат кула и Дом на култура.

**ШИНТЕРСКА СЛУЖБА**
Во изминатата 2025 година шинтерската служба на прифатилиштето "Хачико" има заловено 398 кучиња кои се кастрирани и стерилизирани и 58 вдомени.

**СЕКТОР УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА**

Секторот Уредување и одржување на гробишта врши одржување на меѓугробниот простор, дава право на употреба на гробни места во лична службеност и нивна нумерација, врши регистрација на гробни места, издава уверенија за право на владение на гробно место, врши наплата за гробарина како и вршење услуги за покојните во капелата.

Во овој Сектор од планираните активности во 2025 год. се реализираа следните:

- Бетонирање на 228 нови гробни места во Новите гробишта на 1-ва, 2-ра, 3-та, 5-та,6-та и 8-ма парцела;
- Склучени 124 договори со странки (со вкупно 142 гробни места), за доделување на употреба на гробно место како лична службеност
- Поради невреме и пагање на дрва или големи гранки е интервенирано на 4 дрва во св.Неделските гробшта и 2 интервенции во Буковски гробишта,отстрането е 1 дрво во св.Неделските 1 во Буковските Гробишта и 2 помали дрва од новите гробишта заради заштита на споменициte од оштетување
- Издадени 1.247 одобренија за погреб;
- Влезно покојни лица во капела -1.104, со користење комора 973(приватни 710 и солидарни 390) , извршена тоалетизација на -867 покојни , социјални 4 и изложување на покојни лица во сала – 2 лица
- Континуирано чистење на каналите околу старите Св. Неделски гробишта, каналите во Нови гробишта и Буковски гробишта,

Покрај планираните активности се реализирани и бројни вонтековни активности како: монтирање канти и клупи,ниши за контејнери и детски паркови од страна на градежните мајстори од Нови гробишта на различни делови од градот како и околни села и тоа прикажано хронолошки како следува :

- Наместени се столчиња пред влезот во дирекција
- Наместени се бекатон плочки во населба Горно Оризари
- Исчистен е теренот кај паркингот над Веро и турена е плоштатка за контејнери со 2 $m^3$готов бетон
- Поправена е ограда во с.Долно Оризари,која беше оштетена од камион на ЈП Комуналец Битола
- Поправен е еден гроб во св.Недела кој е оштетен при невреме
- Искршен е дел од бетон пред Тинекс кај Ат пазар за потребите на ЈЗеленило
- Наместени се клупи во паркчето кај Слаткарница Асан и кај Офицерски дом
- Поправен е кровот на цвеќарата и на Информационото биро
- Донесена е земја околу 5000 $m^3$
- Направени се 228 нови гробови,за кои е потрошено 99,5 $m^3$ готов бетон.

**СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ**

Во Секторот за технички работи и развој спаѓаат следните одделенија **:**

- Одделение за јавно осветлување;
- Одделение за одржување на механизација и возила;
- Одделение за одржување на спортски објекти.

**Одделение за јавно осветлување**

Работата на одделението за сервисирање на уличното осветлување се уредува со оперативната програма усвоена од Управниот одбор и одобрена од Советот на Општина Битола. Одделението за улично осветлување во ЈП Комуналец Битола се занимава со одржување и сервисирање на опрема за улично осветлување.

**Одржување и сервисирање на уличното осветлување**

Одржувањето и сервисирањето на уличното осветлување се врши со одржување на уличното осветлување во исправна состојба, редовна замена на светлечките тела (сијалици и арматури и др.), одржување на столбови и други активности во функација на уличното осветлување, а во согласност на оперативните програми:

**Оперативна Програма за улично осветлување за 2025 тер.1 за град Битола**

- Поставени се околу 229 светилки;
- Поставени се околу 136 парчиња лед светлечки арматури,
- Поставени се 25 парчиња лед рефлектори
- Поставен е кабел од околу 1744 метри од сите типови,
- Употребена е и друга опрема за одржување и сервисирање на уличното јавно осветлување како што се 290 парчиња осигурувачи,околу 649 фидиос спојки и останат материјал за сервисирање на уличното осветлување за град Битола.

**Оперативна Програма за улично осветлување за 2025 - тер.2.3.4-– рурални средини во реоните Бистрица,Цапари и Кукуречани**

- Поставени или срвисирани се 1050 парчина светилки;

- Поставени се 186 парчина лед светлечки арматури;
- Поставени се 4 парчиња лед рефлектори,
- Поставен е кабел од 3344 метри од сите типови
- Употребена е друга опрема за одржување и сервисирање на уличното јавно осветлување како што се 931 фидос спојки,склопки и останат материјал за нормално функционирање на уличното јавно осветлување;

**Опретативна Програма за поправка и одржување на улично осветлување**

Извршено е тековно одржување-замена на живините, натриумовите и флуорецентни светилки со лед светилки заради поголема енергетска ефикасност на целиот систем за улично осветлување. Поставени се на подрачјето на Општина Битола околу 597 светилки,околу 467 парчиња светлечки арматури,поставени се 210 лед рефлектори ,поставени се околу 48 парчиња осигурачи,поставен е кабел од околу 5108 метри кабел од сите типови,754 парчина фидос спојки и останат материјал за нормално функционирање на уличното јавно осветлување заради поголема енергетска ефикасност.

Одделението улично осветлување изврши целосна ревитализација на осветлувањето на индустриската зона Жабени.Старите неефикасни светилки беа заменети со најсовремени ЛЕД решенија,што резултираше со дополнителна заштеда на електрична енергија во системот на улично јавно осветлување.

**Одделение за одржување на механизација и возила**

Одделението на механичарска работилница се занимава со сервисирање и одржување на возниот парк на ЈП Комуналец Битола во исправна состојба.

**Одделение за одржување на спортски објекти**

Одделението за спортски објекти има обврска за одржување на хигиената во спортските објекти и на следните спортски објекти.

- Спортска сала Боро Чурлевски – внатрешно одржување: собирање отпадоци (празнење на корпи) и метење на попвшина од 4.000 м$^2$;
- Спорска салаБоро Чурлевски – надворешно одржување: косење на трева,собирање на косена трева,утовар на органски отпад од површина од 8.000 м$^2$;
- Фудбалски стадион Ќумурно игралиште,машинско гриблање на вештачка трева
- Фудбалски стадион под Тумбе кафе,косење на трева, собирање на покосена трева,утовар на органски смет на површина од 9.965 м$^2$;
- Помошно фудбалско игралиште,косење и собирање на трева на површина од 8.000 м$^2$
- Тениски терени,одржување на хигиена и редарска служба.

**СЕКТОР КАНЦЕЛАРИЈА НА ДИРЕКТОРОТ**

Активностите на Сектор Канцеларија на Директор се вршат преку две одделенија

- Одделение за поддршка на директорот
- Одделение за Безбедност и заштита при работа

**Одделение за подршка на директорот** врши:

- Координираност помеѓу секторите и одделенијата во Секторот канцеларија на директор;
- Водење на социјални мрежи на претпријатието;
- Подготовка на соопштенија до медиуми, граѓани и институции.

**Одделение за Безбедност и заштита при работа врши:**

Грижа за безбедноста и здравјето на вработените при процес на извршување на работните активности. Води евиденција за:

- Здравствени прегледи;
- Сервисирање на против пожарната опрема:
- За греење и ладење на објектите со кои стопанисува ЈП Комуналец;
- Лиценци за работа со опремата и возилата;
- Навремени контроли и тестирања на опремата за работа,
- Видео надзор над објектите на ЈП Комуналец.

ЈП Комуналец Битола
ВД Директор
Горан Степановски